РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-33/1
03.01.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 25.12.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна).

**На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Магдалена Давидовска Довлева, Цветанка Митревска, Емилија Петревска Камењарова, Горан Радуновиќ, , Арѓенд Џелили, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, Конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 14-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.12.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 45-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.12.2024 година.
3. Предлог-годишен план за вршење програмски надзор за 2025 година.
4. Предлог-годишен план за вршење административен надзор за 2025 година.
5. Предлог-програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година (со Предлог-програма на планирани активности и Предлог-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година).

6. Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.
7. Предлог-одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола на подрачјето на општина Неготино.
8. Предлог за запирање на покрената постапка на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
11. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
12. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
13. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
14. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16, 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
15. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
16. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16, 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
17. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на ТДР СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
18. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
19. Предлог-решение за бришење од регистар за ДРД Радио РРАПИ Струга.
20. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга – Технички преглед на лифтови и платформа.
21. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 14-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.12.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 45-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.12.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 3, 4 и 5**

Г-дин Петрушевски предложи Точките 3, 4 и 5 да се разгледуваат како една целина, со заедничка дискусија, а потоа за секоја од нив да се гласа посебно. Предлог беше едногласно прифатен.

Г-дин Трајчевски ги образложи Предлог-годишниот план за вршење програмски надзор за 2025 година, Предлог-годишниот план за вршење административен надзор за 2025 година и Предлог-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година (со Предлог-програма на планирани активности и Предлог-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година). Објасни дека во текот на јавната расправа не беа доставени никакви забелешки. Во однос на Финансискиот план наведе дека Стручната служба направи одредени измени во планираните приходи од надоместоци за дозволите за радио и телевизиско емитување, кои се зголемени за 2.500.000,00 денари и изнесуваат 50.000.000,00 денари. Измените се должат на податокот од Државниот завод за статистика за висината на бруто домашниот производ по жител, кој сега изнесува 7.978,00 евра, а минатата година изнесуваше 7.115,00 евра. Износот на вкупните приходи и расходи во Финансиски план ќе остане ист како во Предлогот. Понатаму објасни дека на расходната ставка предвидени се финансии за приватно здравствено осигурување (според Колективниот договор) со што половина од износот ќе биде на товар на вработените, и 354.000,00 денари за Воведување и имплементација на стандардот ISO 27001:2013 - систем за управување со безбедност на информации, јавна набавка која требаше да се реализира оваа година, но е одложена за 2025 година. На приходната страна објасни дека е зголемен износот согласно усвоениот буџет за 2025 година во Собранието на Република С.Македонија.

*<u>Гласање по Точка 3</u>*

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Годишниот план за вршење програмски надзор во 2025 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Годишен план да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Годишниот план за вршење административен надзор во 2025 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Годишен план да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно ја одобри Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година (со Програма на планирани активности и Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година), со следните измени во две ставки од приходната страна на Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година:

- Врз основа на податокот од Државниот завод за статистика за висината на бруто домашниот производ по жител, кој сега изнесува 7.978,00 евра, износот на планираните приходи од надоместоци за дозволите за радио и телевизиско емитување, се зголеми за 2.500.000,00 денари и изнесува 50.000.000,00 денари.
- Поради зголемувањето на износот од горенаведената ставка, пренесениот вишок средства од минатата година во износ од 48.929.722,00 денари се намали за 2.500.000,00 денари и истиот изнесува 46.429.722,00 денари.

Износот на вкупните приходи и расходи во Финансискиот план ќе остане неизменет, односно ќе изнесува 199.729.722,00 денари.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Програма за работа да ја објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица. Објасни дека пред две недели Советот започна постапка за одземање на дозволата заради неисполнување на минималните кадровски услови, односно главниот и одговорен уредник во тој момент не беше во редовен работен однос. Од јавноста се дознава дека телевизијата престанала со работа, вклучувајќи го и отпуштањето на сите вработени. Ова неусогласување со законските барања за кадровска структура доведува до формална Одлука за одземање на дозволата за емитување.

Г-дин Ајдини потенцираше дека радиодифузерот и покрај сите вложени напори за помош од страна на Агенцијата, не успеал да ја стабилизира својата работа. Тој нагласи дека биле преземени мерки, како за време на пандемијата така и при неодамнешни кризни ситуации, но дека неуспехот е последица на внатрешни недостатоци во организацијата.

Г-дин Фиданоски се осврна на долгогодишното влијание на ТВ Канал Вис од Струмица како важен медиумски фактор во тој регион. Се согласи со г-дин Ајдини дека Агенцијата излегуваше максимално во пресрет секогаш кога имаше потреба, како на пример донацијата за немилиот настан со пожар. Тој изрази надеж дека ќе се појави

друг заинтересиран субјект кој би го пополнил медиумскиот вакуум што ќе настане со затворањето на овој радиодифузер.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023г. на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, затоа што и покрај покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување, врз основа на Предлог УП1 бр.08-331 од 11.12.2024г., радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, односно одговорниот уредник не е во редовен работен однос и со полно работно време ангажиран во радиодифузерот.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола на подрачјето на општина Неготино. Објасни дека конкурсот беше наменет за локален, непрофитен радиодифузен сервис. Информираше дека по истекот на рокот за аплицирање, не беше поднесена ниту една пријава, вклучувајќи и од заинтересираната страна што го иницираше Барањето. Поради тоа, се предлага Советот да донесе Одлука и да го прогласи конкурсот за неуспешен.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за неуспешен Јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на локално ниво, на подрачјето на општина Неготино, наменет за локалното население на подрачјето на општина Неготино, на македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 91.7 MHz., поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, заклучно до 10.12.2024г. во Агенцијата не беше примена ниту една пријава.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за запирање на покрената постапка на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово. Објасни дека по покрената постапка за одземање на дозволата, во дополнителниот рок од 15 дена радиодифузерот го плати годишниот надоместок за телевизиско емитување со што се отстранети законските причини за одземање на дозволата. Од таа причина се предлага до Советот да се запре покренатата постапка.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, Уп1 бр.08-350 од 21.11.2022 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-5088/2 од 19.12.2024г., ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2024-100-0198 од 08.11.2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 9, 11, 12 и 15**

Г-дин Петрушевски предложи Точките 9, 11, 12 и 15 да се разгледуваат со заедничка дискусија, бидејќи се однесуваат за еден ист радиодифузер, а потоа за секоја од нив да се гласа посебно. Предлог беше прифатен.

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, на член 51 став 1 од ЗААВМУ, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми и за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека Извештаите се произлезени од надзори над локален медиум, спроведени согласно Годишниот план за програмски и административен надзор на Агенцијата за 2024 година. Објасни дека кај овој радиодифузер констатирани се 4 прекршувања, два од административните обврски, два од програмските обврски. Едниот прекршок од програмските надзори, покажа дека не е исполнета обврската да се емитува изворно создадена програма во законски минимум 30% во текот на денот и половина од тоа во периодот од 7 до 19 часот. Вториот прекршок на програмските одредби е за непочитување на одредбите за заштита на малолетната публика од програмите кој што може да наштетат на психички, физички или морален развој. Што се однесува до административниот надзор, објасни дека тоа е надзор во спроведувањето на обврските од член 51 став 1 од ЗААВМУ, а другиот е прекршување на членот 14 од Закон за медиуми кој што се однесува на обврската да се емитува импресум по секоја програма. За сите прекршувања се предлага да се изрече мерка јавна опомена и да се даде рок за усогласување по кој што ќе се направи контролен надзор.

Г-дин Ајдини постави прашање до помошник раководителката во врска со следната евентуална мерка по контролниот надзор кој ќе се спроведе во 2025 година, дали ќе биде поведување на прекршочна постапка или повторно јавна опомена?

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова одговори дека тоа е регулирано со соодветен акт. Законски секоја нова година се ресетираат сите прекршувања кои се направени, така што по контролниот надзор, во зависност од констатираните прекршувања повторно на истите одредби, ќе се предложи повторно мерка јавна опомена.

*Гласање по Точка 9*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4779/1 од 19.11.2024 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, затоа што на 4 ноември 2024 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 11*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4886/1 од 21.11.2024 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 4 ноември 2024 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 12*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4885/1 од 21.11.2024 година и заклучи на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 4 ноември 2024 година, не ги објави податоците за импресум на анимираниот филм „Том и Џери“, на снимката од одржаната комеморативна средба во чест на покојната професорка Фламуре Ибраими-Садику, на интервјуата со Азизи Мемети, пациент со целебрална парализа и со проф. д-р Халим Хида, просветен работник и дипломат.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 15*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4939/1 од 27.11.2024г. и заклучи на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 4 ноември 2024 година:

- Играниот филм „Tingujt e luftës (Звуците на војната)“ за време на емитувањето беше погрешно означен како програма од прва категорија, иако пред почетокот на емитувањето беше правилно означен како програма од Втора категорија (8+);
- Играниот филм „Casino (Казино)“ беше емитуван без сигнализација за заштита на малолетните лица и пред почетокот и за време на емитувањето;
- Играниот филм „The mechanic (Механичарот)“ беше емитуван без сигнализација за заштита на малолетните лица пред почетокот на емитувањето; и
- Играниот филм „The Shawshank Redemption (Бегство од Шошенк)“ и анимираните филмови „Shrek (Шрек)“, „Mulan (Мулан)“ и „Tom & Jerry (Том и Џери)“ беа емитувани без сигнализација за заштита на малолетните лица за време на нивното емитување.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го

усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 10, 13 и 14**

Г-дин Петрушевски предложи Точките 10, 13 и 14 да се разгледуваат со заедничка дискусија, бидејќи се однесуваат за еден ист радиодифузер, а потоа за секоја од нив да се гласа посебно. Предлог беше прифатен.

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова ги образложи Предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, на член 64 став 1 од ЗААВМУ и за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16, 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека сите три надзори се од програмските обврски. Едното прекршување се однесува на неемитување на изворно создадена програма во текот на денот. Во следниот случај станува збор употребена неправилна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица и третиот прекршок е на членот 64 став 1, односно емитувана е странска спортска програма во оригинален англиски јазик без да се обезбеди превод. За сите прекршувања се предлага да се изрече мерка јавна опомена и да се даде рок за усогласување по кој што ќе се направи контролен надзор.

*<u>Гласање по Точка 10</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4783/1 од 19.11.2024 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 4 ноември 2024 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 13*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4780/1 од 19.11.2024 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 4 ноември 2024 година, странска спортска емисија за бокс „Masters of the spear“, беше емитувана изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански јазик, на кој медиумот емитува програма согласно дозволата.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 14*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4942/1 од 27.11.2024г. и едногласно заклучи на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16, 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 4 ноември 2024 година:

- реприза од играниот филм „The boondock Saints (Shenjtorët e rrethinave)“ означена како програма од четврта категорија (16+), беше емитувана во несоодветен временски период од денонoќието; и
- пред емитувањето на повеќе програми од прва, втора и четврта категорија беше употребена неправилна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, што не е пропишана во Правилникот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го

усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 16**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16, 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека со надзорот направен на 4 ноември 2024 година беше констатирано дека игран филм пред почетокот на емитувањето беше несоодветно класифициран како програма од втора категорија и се емитуваше во несоодветен програмски период. Дополнително, за време на емитувањето не беше означен со предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4944/1 од 27.11.2024г. и едногласно заклучи на ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16, 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 4 ноември 2024 година играниот филм „Наполнет пиштол (Loaded)“ пред почетокот на емитувањето беше несоодветно класифициран како програма од втора категорија и се емитуваше во несоодветен програмски период. Дополнително, за време на емитувањето не беше означен со предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 17**

Помошник раководителката Петреска Камењарова го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на ТДР СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Наведе дека играните филмови „Тежок за убивање (Hard to kill)“ и „И ридовите имаат очи 2 (The hills have eyes 2)“ беа погрешно означени како програма од втора категорија (8+) и беа емитувани во несоодветен временски период од денонокието – пред 20 часот, а играниот филм „Брзи и бесни 7 (Fast & Furious 7)“, наместо како програма од трета категорија (12+) беше погрешно означен како програма од втора категорија (8+).

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4941/1 од 27.11.2024г. и едногласно заклучи на ТДР СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 4 ноември 2024 година играните филмови „Тежок за убивање (Hard to kill)“ и „И ридовите имаат очи 2 (The hills have eyes 2)“ беа погрешно означени како програма од втора категорија (8+) и беа емитувани во несоодветен временски период од денонокието – пред 20 часот, а играниот филм „Брзи и бесни 7 (Fast & Furious 7)“, наместо како програма од трета категорија (12+) беше погрешно означен како програма од втора категорија (8+).

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 18**

Помошник раководителката Петреска Камењарова го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека овој радиодифузер пред емитувањето одредени документарни и играни филмови, погрешно ја применил предупредувачката сигнализација за програма од втората категорија.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4940/1 од 27.11.2024г. и едногласно заклучи на ТРД ТВ СВЕТ

ДОО Свети Николе да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 4 ноември 2024 година пред емитувањето одредени документарни и играни филмови, погрешно беше применета предупредувачката сигнализација за програма од втората категорија. Од целината на пропишаниот изглед на предупредувачката сигнализација недостигаа: бројката „8“; знакот „+“; и испишаниот и прочитаниот текст на предупредувањето.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 19**

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 20**

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга – Технички преглед на лифтови и платформа. Објасни дека во согласност со Правилникот за користење лифтови потребно е да се изврши оваа услуга и да се утврди дека 3-те електрични патнички МРЛ лифтови и 1-та хидраулична платформа за возила, кои се инсталирани во деловниот објект каде е сместено седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и седиштето на Министерство за спорт, во моментот на извршувањето на техничкиот преглед и понатаму ги исполнуваат барањата кои ги исполнувале и при нивното ставање во употреба. Појасни дека до Министерство за спорт ќе учествува во реализација на наведената услуга во висина од 35 % од потребните средства и дека доставени се три понуди од кои едната е одбрана како финансиски најповолна за Агенцијата.

Г-дин Трајчев процедурално рече дека Советот согласно Законот не гласа за правните субјекти, економски оператори кои доставиле понуда, туку дава одобрение за потребата од набавката и нејзино спроведување.

**Точка 21**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**